Р е п у б л и к а  С е в е р н а  М а к е д о н и ј а
**ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА**
ул. "Сандо Масев" бр.1 2400 Струмица, Северна Македонија

подцентрала: 034 348-026, факс 034 320-544
www.strumica.gov.mk gradonacalnik@strumica.gov.mk

**Правила за реализација на проект „Основање и започнување со работа на установа за социјална заштита Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Струмица".**

- Планиран термин прибирање предлог проектни иницијативи (предлог проект) е **30 дена, вклучително и денот на објавување на повикот (од 08.04.2019 до 07.05.2019 година, до крајот на работниот ден).**

- Планиран термин за реализација на активностите од проектите е: 01.06.2019 до 1.06.2020 година, со можност за евентуално продолжување на истиот од оправдани причини.

- Проектот се реализира како партнерство помеѓу Општина Струмица и избраната партнерска организација (Здружение на граѓани регистрирано на територија на Општина Струмица), врз основа на потпишан Договр за соработка помеѓу партнерите.

- Вкупната Финансиката конструкција на проектот е во вредност од 2.400.000,00 денари и тоа 1.200.000,00 денари или 50% од Буџетот на општина Струмица и 1.200.000,00 денари, или 50% сопствено учество на апликантот (не зависно дали финансиските средства се обезбедени од други извори на финансирање или општествено одговорни компании).

- Општинскиот придонес (финансиските средства од општината планирани во Програмата V2- Социјална заштита), по потпишувањето на Договорот за соработка се префрлуваат на посебна сметка на имплементирачката организација (избраното здружение на граѓани), во рамките на четири еднакви транши во текот на секој квартал од времето утврдено за реализација на проектот и со нив менаџира имплементирачката организација согласно потребите на проектот, односно активностите распоредени, прикажани во рамките на планот на спроведување на активностите.

- Сопственото учество на апликантот (финансиски средства не зависно на кој начин обезбедени потврдени со официјални документи), односно финасиски средства пресметани во материјани трошоци или добра апликантот ги менаџира и вградува согласно потребата на имплементацијата на проектот, односно активностите распоредени, прикажани во рамките на планот на спроведување на активностите.

- После завршувањето на постапката за евалуација и избор на партнерската организација од страна на посебно именуваната Комисија за евалуација од страна на Градоначалникот, за таа намена (во рок од 7 дена) по завршувањето на рокот за прибирање на проектните иницијативи се склучува посебен Договор за партнерска

соработка помеѓу партнерите во кои се регулираат обврските и задачите на договорените страни.

- Од страна на општината ќе се формира, односно од страна на Градоначалникот ќе се именува посебна Комисија за следење на имплементацијата со обврска да врши мониторинг во секое време на имплементацијата на проектот.
- Општината како партнер во проектот покрај финансиските средства дополнително ќе стави на располагање и просторни можности за реализација на проектот за период на траење на проектот, со можност за понатамошно продолжување - функционирање на Шелтер центарот во истите, доколку проектот ги потврди очекуваните резултати.

- Избраната имплементирачка организација во текот на целиот временски период утврден за реализација на проектот, посветено и професионално менаџира со сите технички, материјални и финансиски средства во согласно планот на спроведување на активностите распоредени по месеци.
- Избраната имплементирачка организација Буџетските сресва мора да ги користи согласно планираните буџетски линии без да врши прелевање од една во друга буџетска линија.

- Избраната имплементирачка организација е Здружение на граѓани со соодветно искуство и делување во таа област кое се вклучува како партнер заради придонес во развојот на локалната заедница во контекст на справување со проблемот на семејно насилство на локално ниво и во ниеден случај нема да постапува спротивно на заложбите, уште помалку спротивно на законските и подзаконските акти на Република Северна Македонија, односно на било кој друг начин ќе ја злоупотреби партнерската соработка.

- Имплементирачката организација е должна квартално до општината како партнер да поднесува наративни и финансиски извештаи (поткрепени со целосна документација за периодот за кој известува) за спроведените и буџетираните активности согласно планот за реализација на активностите, како и да поднесува официјални барања за трансфер на секоја наредна транша(општински финасиски средства) и секако на крајот по завршувањето на проектот да достави комплететен нартивен и финасиски извештај за наменското трошење на сите пари (општинско и сопствено учество) со приложена целокупна документација.

- Имплементирачката организација се обврзува по завршувањето на проектот најдоцна 15 дена по утврдениот рок за завршување на проектот да ја достави целокупната документација со која ќе се потврдат трошоците и во таа насока ќе се потврди достигнувањето.

- Општината го задржува правото да побара доставување на почести или дополнителни финансиски извештаи како и претходно одобрување за секоја измена во буџетот во случај кога Имплементирачката организација има потешкотии во исполнувањето на финансиските барања.

- Општината го задржува правото доколку настанат одредени ситуации да прекине со исплатата на дел од одобрениот грант.

- Извештаите и документите кои ќе ги поднесува имплементирачката организација е должна да ги чува 10 години, во кој период општината има право во секое време да врши увид по потреба.

- Во случај на евентуална злоупотреба на било кој дел од вкупните финансиски средства од страна на имплементирачката организација или користење на истите спротивно на намената , веднаш по сознанието за злоупотребата или недопуштеното располагање на истите, општината ја прекинува соработката и бара поврајќај на општинскиот придонес и во таа насока општината ги прекинува сите идни соработки со избраната организација.
- За позициите во буџетот што се предмет на **Јавните набавки,** процесот(процедурата) ја спроведува имплементирачката организација.
- Во случај на повреда на обврските, преземени по склучувањето на Договор, општината има право на заштита на своите права согласно позитивните законски прописи.
- Во случај на судски спор страните ќе се обратат на надлежниот Основен Суд во Струмица.
- Имплементирачката организација должна е во текот на целот период на имплементацијата на проектот пред пошироката јавност во рамките на планираните промотивни активности(видливост на проектот ) да известува за активностите и достигнувањата со особено внимание на сензитивноста на областа и целната група која е таргетирана како потреба на проектот, особено на не издавање на информации кои се подлежни на дискреција.
- Имплементирачката организација вклучително и општината како партнер во текот на имплементацијата на проектот мора да постапуваат согласно протоколите за постапување со жртвите на семејно насилство.
- Имплементирачката организација и општината во секое време мора да соработуваат и да се договараат во случај на било какви непланирани состојби или ризици кои би можеле да влијаат на нормалниот тек на имплементацијата.
- Имплементирачката организација вкупните средства мора да ги менаџира согласно планот на активностите на месечно ниво а составувањето на извештаите е обврзана да ги подготвува согласно однапред подготвените формулари или обрасци за известување кои ќе ги добијат од општината по започнувањето на имплемнтацијата.
- Имплементирачката организација има обврска во сите свои печатени материјали и јавни настапи врзани со проектот кој што е предмет на склучениот Договор, да наведе дека се реализра во партнерска соработка со Општина Струмица, односно на видливо место на печатените материјали или на веб страницата на организацијата, треба да биде испечатено логото на двете партнер организации.

**Градоначалник**
**на општина Струмица**
**Коста Јаневски**